Архивски број: 08-60/7
година
28-07-2025

Постапувајќи по претставката бр. 08-60/1 од 10.01.2025 година, поднесена од ----------- од Скопје против ---------- од Скопје за сторена дискриминација во областа на јавни медиуми и информирање, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

СЕ УТВРДУВА СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ сторено од лицето ----------- врз лицето ----------- во областа на јавни информирање и медиуми.

СЕ УТВРДУВА ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЕКСУАЛНО ВОЗНЕМИРУВАЊЕ сторено од лицето -----------врз лицето ----------- во областа на јавни информирање и медиуми.

СЕ УТВРДУВА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ВОЗНЕМИРУВАЊЕ ПО ПЕРЦЕПЦИЈА врз основ на политичко уверување сторено од лицето ----------- врз лицето ----------- во областа на јавни информирање и медиуми.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 10.01.2025 година, ------------ од Скопје, со адреса на живеење на ул. ------------, поднесе Претставка бр. 08-60/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст: Комисијата). Истата, на барање од Комисијата ја доуреди претставката на 26.02.2025 година. Во претставката, подносителката наведува дека врз неа се преземени дискриминаторски дејствија од страна на лицето ----------- од Скопје, со адреса на бул. ------------. Таа наведува дека именуваниот од негов профил на социјалната мрежа „FACEBOOK", на 09.01.2025 година, правел објави на нејзини фотографии и исечоци од нејзини видеа прибавени од нејзини лични профили на социјални медиуми. Истакнува дека нејзините профили на социјалните мрежи се приватни и се употребувани надвор од секаков професионален наратив, во нејзино приватно време. Подносителката наведува дека именуваниот не само што ја објавил нејзина содржина, туку и предизвикал насилство врз неа. Таквото постапување на именуваниот дополнително продолжило и на 10.01.2025 година, со што дотогашното вознемирување прераснало во сексуално вознемирување. Со тоа тој предизвикал лавина на недолични, морбидни и безобразни коментари, поради кои таа започнала да се чувствува небезбедно не само во интернет просторот, туку и во реалниот живот. Истакнува дека ваквата ситуација, односно објавите стануваат вирални и дека овие дигитални записи ќе постојат засекогаш. Објавените содржини биле преземани и од други лица и групи на социјалните мрежи.

Кон претставката во прилог се доставени фото извадоци од објави на личен профил „------------ " на социјалната мрежа „FACEBOOK" и коментари кон истите.

Комисијата испрати Барање бр. 08-60/6 до ------------, со цел истиот согласно член 27 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, да се изјасни за наводите во претставката. Истиот во предвидениот рок од 15 дена не се изјасни.

Комисијата од наводите во содржината на претставката, приложените фотографии од спорните објави, како и од увид во личен профил на лице „------------ " на социјалната мрежа „FACEBOOK", го утврди следното:

Личниот профил „------------ " е следен од околу дваесет и две илјади следачи, односно лица со профили на наведената социјална мрежа.

На ден 09.01.2025 година, во ------------ часот, именуваниот направил објава со содржина „------------. Примена во ------------ пред еден месец -вработена во ------------ - Браво ------------ ова те тролаат..демантирај" и во прилог на таквиот текст е објавена фотографија од подносителката.

------------

Таквата објава имала 76 реакции, 35 коментари и четиринаесет споделувања. Меѓу коментарите дадени од други лица, односно профили, се такви како „Зошто ------------, да не е прикриен маж?", „------------, ако не им се функциите за да клецнат, нема да знаат што е вагина. Исто беше и по време Грујо. Разни комплексирани особи вработуваа млади девојчиња со цел секс. Сум ги гледал по диско... ------------, ------------.......exee", „Sponzorusite se del na sekoja vlast, tie se institucija vo sebe, tie se dvigatel na sekoe vladenje samo vo zemji so siromasno ili potprosecni razvieni ekonomii.", „Woww, ------------ be,e ova e"Sachma"", „Nema spas od sponzofuksite tie se kako korov gi ima nasekade TAKA da I ova e samo Edna od tisucu!!!" итн.

На ден 09.01.2025 година, именуваниот направил објава со содржина „------------, новата експертка за ------------, кај ------------ " и во прилог на таквиот текст е објавена фотографија од подносителката.

Таквата објава имала 68 реакции, 22 коментари и е три споделувања. Меѓу коментарите дадени од други лица, односно профили, се такви како „Таман од првата европска плата да си плате ботоксите и силиконите, да не се задолжува жената :)", „Овие вмроните сите со ботекс усни (народски кажани ИСПУПЧЕНИ УСНИ) вработија во министерствата, а ако имаат искуство и умешност може ќе си ја заработат платата од 2000 еура", „Берлускони во неговата влада имаше вакви!", „Pekinshka patka :)" итн.

На ден 09.01.2025 година, во ------------часот, именуваниот направил објава со содржина „Новото засилување на ------------ во ------------. Што знам мене ми делува доста стручна" и во прилог на текстот е објавена фотографија од подносителката.

------------

Таквата објава има 121 реакција, 47 коментари и е три пати споделена од други корисници. Меѓу коментарите дадени од други лица, односно профили, се такви како „Se gleda, gi ima site potrebni "kvalifikacii i sertifikati"", „Мене ми изгледа на професионалка но во друга бланша", „Ovaa se gleda apla deka si ja znaj rabotata, ama ministerceto e nepera merak po zeni...", „Pocnaa so svalerkite da si gi stavat na pozicii ke ima kraj i na ovoj film", „Порно меншн како оној на Хју Хефнер стана владава.Уште

опавчиња на зечициве фалат.“, „Ште а биде за В'НЕШНИ работи.“, „Ovaa ke mu gi zanesuva tasacite na miki maus, ako gi ima“, „Sto se cudite be Cicolina u Italija parce praese“ итн.

На ден 09.01.2025 година, во ------------часот, именуваниот направил објава со содржина „------------ ја смени профилната“ и во прилог на таквиот текст е објавена фотографија од подносителката.

------------

Таквата објава има 59 реакции, 10 коментари и е два пати споделена. Меѓу коментарите дадени од други лица, односно профили, се такви како „ШТО ВИКА ------------ ЗА ОВАА ??СВЕ ОКЕЈ ...А МУ СМЕТА СДС ??? КЕ СЕ ОГРАДИ ЛИ ------------ ОД ОВАА????КЕ СЕ ОГРАДИ ЛИ ДПНЕ ОД ОВАА ???КЕ СЕ ИЗВИНАТ ЛИ ВМРО НА ГРАЃАНИТЕ ЗА ВАКВИ КАДРИ ???“, „А, од кој бордел доаѓа оваа? Од ДПМНЕ?“, „Na ------------ švalerkata ???“, „Za naslovna vo Playboy“ и „Sega se! vika "mettre/foutre le bordel dans qqch - to screw/bugger something up"“.

На ден 09.01.2025 година, во ------------часот, именуваниот направил објава со содржина „Како по стар добар обичај, за битни работи во државава се нема пари, АМА, за ликови како ------------ и ------------, секогаш има пари....
Сепак, ова не е нивна идеја, туку само го копираат братот Вучиќ ( види слики подоле )
Пријатна вечер, Горди :)“ и во прилог на таквиот текст е објавен колаж од фотографии од други лица, исечоци од печатен медиум и една фотографија од подносителката.
Таквата објава има 64 реакции, 9 коментари и едно споделување. Меѓу коментарите дадени од други лица, односно профили, се такви како „одвратност од најдолен вид ...и после вакви кадровски решенија СЕ ДРЗНАЛЕ ДА БАРААТ ФИЛИПЧЕ ДА СЕ ДИСТАНЦИРА ОД ЗАЕВ ,ОД ДУИ ,ОД ГРУБИ ...ОДИ БРЕ ЛЕЧЕТЕСЕ ДПНЕ“, „На долните две фотки иста госпоѓа е или кај исти пластичар оделе?“, „Овие идиоти вморонците поулавеа од слатките пари кои на тацна им ги овозможија неандерталците "патриЈотите" па како онаа "кад се сељо развесели" ни потврдуваат колку се прости перверзни сељандури па крадењто пари на секс ги кара. Бедни се!“, „Drolet8ni, za pari w puzda scarab raga.“ итн.

На ден 10.01.2025 година, во ------------часот, именуваниот направил објава со содржина „Промоција на новата ------------ на ------------ “ во прилог на исто така објавена фотографија од подносителката.

------------

Таквата објава има 163 реакции, 52 коментари и е осум пати споделена. Меѓу коментарите дадени од други лица, односно профили, се такви како „Ne znam što e pogolem sram: primanjeto na razgolenava vo ------------ ili neprimanjeto na dirigentkata ------------? Pa kako danočen obvrznik se znae koja kandidatka mi ostava prostor za doverba, kvalitet i profesionalnost vo oblasta kade funkcionira. Ednata vo kultura, drugata vo nekoj štab politički.“, „Pochituvanata imala losh dil nishto poveke. A "chupeto" mozhe da zavrshi rabota ne treba da se chudime“, „Која мајка ќерка изгубила,нека ја бара во ------------.“, „ОЛОШ Е ТОКМУ ТАА ШТО СЕ СИМНАЛА ОД ШИПКА ОД НЕКОЈ БОРДЕЛ И ОП ДИРЕКТОР ... во животот секој одбира што ќе биде ,курва ,проститутка ,манипулаторка или обичен шљам ....ЈАС НИТУ СУМ ЈА СОБЛЕКЛА И ДОТЕРАЛА ТАКА ДА СЕ СЛИКА


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

,НИТУ СУМ ЈА ВОСПИТАЛА ДА БИДЕ СО ОРОСПИСКИ ИЗГЛЕД ,ПА СЕГА ДА СЕ СРАМАМ ...", „Државата ни е врло sexy", „следната слика ке биде од НУДИСТИЧКА ПЛАЖА ....хахахааа и дпне има МОРАЛ ДА ПОБАРА ИЗВИНУВАЊЕ И ОГРАДУВАЊЕ НА г-дин Филипче ..", „Vreme e Vladata da gi legalizira Javnite Kuki so zakon.", „Па реално и не е некоја риба.", „Siromashtija -Gola i bosa khe ide po Evropa", „Al će slasno", „Lelele vakvi ni gu vodat drzavata be luge so spiete glupavi li ste be za ovakvi li glasate kurvi da gi trosat parite a deca bes lekovi umirat za ovia gnasi", „Iva sto ima toa e ama dali nesto ima vo glavata.So ova dokazuvame deka napreduvame poleka gi stasuvame italijancite tie ja izbraa Cicolina za vo parlament", „Pa ne e bas nesto. Sum imal podobri Bugarki. Ozbilno...", „Нов ВМРООНСКИ секси стил! Гарантиран успех!", „Dobra e , dovolno mastraflija", „Sa organom do pozicije.", „I ------------ ebach stanal", „Ete,toa e dpmn eto" итн.

На ден 13.01.2025 година------------часот, именуваниот направил објава со содржина „------------ "офанзива" предводена од старлетите во ------------
Успесите се загарантирани", а во прилог на таквиот текст е објавена дигитална слика која содржи фотографии од подносителката и уште две женски лица, заедно со објавени текстови кои содржат имиња и презимиња со одредени работни позиции за секоја од нив.
------------
Таквата објава има 141 реакција, 61 коментар и е четири пати споделена од други корисници. Меѓу коментарите дадени од други лица, односно профили, се такви како „I TATA BI SINE!!", „Ќе ги "растуриме" Европјаните,ќе видат тие со какви МАЧКИ МАКЕДОНСКИ си "фатиле" работа !", „највредните договори се пишуваат на брачен кревет ,нормално и печат пред туширање се става", „Мислам дека не си ја сфатила алегоријата на мојот коментар. На дел од овие дами,а можеби и на сите нив,местото не им е во храмот на македонската ------------. Можеби,местото можат да си го најдат во некои други "КУЌИ",како на пример ,во оние со ЦРВЕНИ ФЕНЕРИ!", „во CV какви препораки има од која шипка се симнале ?", „Pameten poteg na ministerot!
------------ A ovie na slikive neka se poarcat i potrudat malku za Makedonija so svoite atributi!!!", „Ovie izlezeni od bordel, mrsh", „Ovie 3 da se zdruzat vo 2 dena ke ja poebat cela ------------ ", „Sponzoruše, vlada voli njihove pice.", „-------------Македонска Најсекси Ревија", „Mašala mašala i kaurkive se spremaat za onlyfans,da nema samo srbinki.....", „А, која колку чини? Од час, од ноќ...", „Vo selo kaj mene ima poubavi no ke vidime kako ke ne pretstavat kako politicarki", „So crveni fenercinja?" итн.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

Дискриминација согласно член 6 од истиот Закон е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или не сторување, што имаат за цел или

резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.

Комплементарно на тоа, вознемирување, согласно член 10 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Додека, сексуално вознемирување, согласно став 2 од истиот член, е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.

Согласно член 9 од истиот Закон, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација е секоја активност со која посредно или непосредно се повикува, охрабрува, дава упатства или поттикнува да се изврши дискриминација врз дискриминаторска основа.

Дискриминација по перцепција, согласно член 4 став 1 точка 9 од Законот, е секое разликување, исклучување или ограничување на едно лице поради претпоставена припадност кон одредена група врз која било дискриминаторска основа.

Комисијата анализирајќи ги објавените содржини, утврди дека лицето ------------ во смисла на член 10 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација сторил сексуално вознемирување врз подносителката. Истото го направил на начин што објавувал преземени лични фотографии на подносителката користејќи ги во наратив од сексуална природа комплементарно со содржината на текстот на објавата, резултирајќи со сексуално објективизирање на подносителката. Со тоа именуваниот предизвикал повреда на достоинството на подносителката и создал понижувачка, непријателска и заканувачка средина, со што сторил сексуално вознемирување во областа на јавно информирање и медиуми врз ------------.

Дополнително на тоа, имајќи ја во предвид содржината на текстуалниот дел кон фотографиите во неговите објави, видна е намерата на лицето ------------ да предизвика, односно да поттикне одредена дискусија, каде објект на истата ќе биде самата подносителка, односно нејзиниот изглед, но и релативизирање на истото со одредени општествени појави и одреден политички контекст, притоа овозможувајќи го тоа преку неговиот личен профил и видно од коментарите под неговите објави дополнително охрабрувајќи коментари со сексуално вознемирувачка содржина. Со тоа истиот во смисла на член 9 од горенаведениот Закон, сторил поттикнување на дискриминација во форма на сексуално вознемирување од други лица, а видно од коментарите кон објавите. Воедно поттикнал и дискриминација, односно вознемирување по перцепција врз подносителката врз основ на политичко уверување, со тоа што истата во повеќе наврати се поистоветува, односно се претпоставува нејзина поврзаност со група на лица врз основ на политичко уверување, имено одредена политичка партија и носители на јавни функции поврзани со таа партија. Комплементарно на тоа е фактот што таквите објави на лицето ------------ се јавно


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

достапни на поширока публика, имајќи во предвид дека ова лице има околу дваесет илјади следачи на неговиот профил, со што истиот посредно овозможил пред поширок аудиториум дискриминација врз подносителката на претставката, а со тоа и значителна повреда на нејзиното достоинство и создавање на непријателска и понижувачка средина.

Во таа насока, Комисијата го цени правото на сопствен став, слободата на мисла, уверување и на изразување, но сепак смета дека вакви или слични објави се во насока на повреда на угледот, достоинството и правата на други лица.

Комисијата истакнува дека со човековите права и слободи, исто така, доаѓаат и одредени обврски, меѓу кои и таква која се состои во тоа колку е можно повеќе да се избегнуваат вербални и невербални дејствија кои се неоправдано и неосновано навредувачки за другите, причинувајќи напад врз нивните права и слободи. Следствено на тоа, ограничувањето на слободата на говорот на одредени лица од страна на државата, може да се смета за разумно доколку тоа е неопходно во едно демократско општество заради заштита на угледот и правата на другите.

Комисијата го цени, со Уставот на РСМ и меѓународните акти, загарантираното право, односно слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата, како и слободата на говор, но исто така во предвид ја има и меѓународната судска пракса, пред се праксата на Европскиот суд за човекови права која се однесува на практикувањето на овие слободи и нивното ограничување. При оправдувањето на мерките кои во одредена мера ги санкционираат, односно ограничуваат горенаведените слободи, во предвид се земаат следните елементи: можноста правото да биде условено или санкционирано да е јасно утврдена и предвидена во правен пропис, санкцијата да има легитимна цел и изречената мерка да ја оправдува целта, односно да го ограничи правото во онаа мера доволна за отстранување на повредата и предизвиканите штетни последици.

Следствено, токму во членот 10 од Европската конвенција за заштита на човековите права, кој се однесува на слободата на изразување, во ставот 2 е утврдено дека остварувањето на таквата слобода вклучува обврски и одговорности и може да биде предмет на одредени услови, ограничувања и санкции кои во едно демократско општество претставуваат неопходни мерки, меѓу другото, за заштита на угледот или правата на другите.

Согласно горенаведеното, предметните објави несомнено претставуваат сексуално вознемирување во смисла на член 10 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, како и истите поттикнуваат дискриминација согласно членот 9 од истиот закон, при што се повредува достоинството на одредено лице. Таквите дејствија се определени како противправно дејство – прекршок за што е предвидена и соодветна санкција, додека Комисијата согласно член 27 став 2 од Законот дава препорака како мерка за отстранување на истото.

Како легитимна цел за таквата препорака, односно мерка е отстранување на повредата на достоинството и спречување на истото кон лицето, со што се исполнуваат елементите таквите објавени содржини да не се во линија со загарантираните претходно наведени слободи, туку напротив истите да бидат ограничени и


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

санкционирани согласно праксата на Европскиот суд за човекови права и во смисла на член 10 став 2 од Европската конвенција за заштита на човековите права (Pavel Ivanov v. Russia 35222/04, Vejdeland and others v. Sweden 1813/07, Beizaras and Levickas v. Lithuania 41288/15 итн.). Дотолку што предметните спорни објави се во спротивност со основните вредности кои произлегуваат од човековите права и слободи, а тоа се недискриминацијата, толеранцијата и социјалниот мир.

Врз основа на наведеното, Комисијата во согласност со член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја дава следната

ПРЕПОРАКА

1. Се препорачува лицето ------------веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од добивањето на ова мислење со препораките во него, да ги отстрани наведените објави во мислењето од неговиот личен профил на социјалната мрежа „FACEBOOK“ и за тоа да ја извести Комисијата.
2. Се препорачува лицето ------------веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од добивањето на ова мислење со препораките во него јавно да и се извини на ------------, за направените објави за неа и за тоа да ја извести Комисијата.
3. Се препорачува лицето ------------во иднина да се воздржи од сторување, односно од правење на објави со дискриминаторски содржини.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација,
Претседател,
Лимко Бејзароски

*Доставено до:*

- ------------
- ------------
- *Архива на Комисијата*


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk